Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС, Скопје
Бр. 299/0306
25.07.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 22 јули 2019 година, врз основа на примена жалба од адвокат Звонко Давидовиќ, против интернет порталот „Мактел“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 10 јули 2019 година, адвокат Звонко Давидовиќ, поднесе жалба за текстот со наслов „Драги уредници на медиуми, од кога тоа адвокати на обвинети од СЈО се кредибилен извор за коментари за работата на СЈО?!", објавен на 05 јули 2019 година на интернет порталот „Мактел" (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточни и непроверени информации и дека има очигледна цел да го наруши угледот на подносителот на претставката, во случајов, адвокатот Давидовиќ. Давидовиќ, меѓу другото, категорично ги отфрла и ги оценува за апсолутно неточни, информациите во текстот дека бил ангажиран во предметите поврзани со СЈО.

*„Ниту адвокатот Звонко Давидовиќ, ниту било кој од Адвокатското друштво „Давидовиќ и Јанковиќ" во кое истиот е основач, ниту бил ниту е бранител на обвинетите во предметите на СЈО. На ваков начин непроверени, а пред сѐ неточни информации се пласираат како вистинити. Од тие причини, токму пријавениот не може да зборува, односно, пишува за кредибилитет"*, се посочува во поднесената жалба.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет порталот „Мактел" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главниот и одговорен уредник на „Мактел", Саше Ивановски, одговори дека целта на нивниот текст не била да се напаѓа Давидовиќ, туку уредниците на медиумите, кои го повикувале адвокатот на дебати, поврзани со СЈО. Според Ивановски, адвокатот Давидовиќ, како бранител на обвинети од Специјалното јавно обвинителство, не можел да биде објективен на теми, за кои, имал интерес да ги брани и во кои, бил лично инволвиран.

*„Тоа уредниците би требало да го знаат или барем да го соопштат на гледачите за јавноста да знае за тој БАЈАС односно за таа компромитираност на едниот од гостите во дебатата. Ние на пример не би имале ништо против ако адвокатот е повикан на друга тема од правото или која било политичка тема, но на темата СЈО тој како извор на ставови и информации е компромитиран извор според нас. Тоа е наш став како медиум"*, појаснува Ивановски во одговорот на наводите на жалбата.

Во однос на процесот на медијација, покренат од Советот за етика, одговорниот уредник на „Мактел“ изрази подготвеност да објави демант и да му се извини на адвокатот за неточните информации, што воедно, беше прифатено од подносителот на жалбата.

*„Порталот „Мактел.мк“ му се извинува на адвокатот Давидовиќ, грешката беше ненамерна. Нашата сторија беше со теза дека адвокатот не треба да биде повикуван во дебати на тема СЈО поради тоа што е адвокат на обвинети од СЈО, но со оглед на тоа што адвокатот Давидовиќ не бил адвокат на обвинети од СЈО, таа теза не ни е точна, и за тоа се извинуваме. Во иднина ќе се потрудиме ваквите грешки да не се случуваат“*, се вели во дел од демантот и извинувањето на „Мактел“ (http://maktel.mk/News.aspx?id=121643) до подносителот на претставката.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот случај на медијација, треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата го цени и во оваа прилика ја поздравува и подготвеноста на медиумите да објават демант, исправка или извинување, кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот, во кој работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595